20090611044

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 38 став 2 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08 и 92/08) и член 20 став 3 од Законот за стручното образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/06 и 117/08), министерот за образование и наука донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕТО И ОЦЕНУВАЊЕТО НА РЕЗУЛТАТИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ НА ИСПИТИТЕ ВО ДРЖАВНА МАТУРА ВО ГИМНАЗИСКОТО И ВО СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Во Правилникот за начинот на полагањето и оценувањето на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското и во средното стручно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 140/07 и 68/08) насловот на правилникот се менува и гласи: „Правилник за начинот на полагањето и оценувањето на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското, средното стручно и во уметничкото образование.

### Член 2

Во членот 1 во четвртиот ред сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборовите „стручно образование“ се додаваат зборовите „и во средното уметничко образование (во натамошниот текст: уметничко образование).“

### Член 3

Во член 2 ставот 1 се менува и гласи:

„Државната матура во гимназиското, средното стручно и уметничкото образование (во натамошниот текст: државна матура) е испит со кој ученикот (во натамошниот текст: кандидатот) го завршува гимназиското образование, стручното и уметничкото образование.

Во ставот 2 зборот „односно“ се брише, а по зборовите „стручното образование“ се додаваат зборовите „односно уметничкото образование“.

Во ставот 3 по зборот „образование“ се додаваат зборовите „или училишна матура во уметничкото образование“.

### Член 4

Членот 3 се менува и гласи:

„Кандидатите со посебни образовни потреби кои следат настава во гимназиско образование, стручно образование или во уметничко образование

полагаат прилагодена државна матура согласно овој правилник, што им овозможува полесно да ги искажат своите знаења и способности.

**Член 5**

Во членот 4 зборовите „Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование“ се заменуваат со зборовите „Концепцијата за матура и за завршен испит во средното образование со четиригодишно траење во Република Македонија“.

**Член 6**

По членот 6 се додава нов член 6-а кој гласи:

**„Член 6-а**

Државната матура во уметничкото образование се состои од:
*Задолжителен дел* - еден наставен предмет;
*Изборен дел* - три наставни предмети од кои два општообразовни наставни предмети, а третиот е стручен предмет;
*Проектна задача* од еден наставен предмет или од една образовна област.

Кандидатот, покрај трите наставни предмети, може да избере да полага и уште најмногу други два наставни предмети од листата на предмети за изборниот дел.“

**Член 7**

Во член 7 во ставот 1 зборот „изборни“ се брише, а по зборот „стручното“ се додаваат зборовите „и уметничкото“.

Во ставот 3 по зборот „стручното“ се додаваат зборовите „и уметничкото образование“.

Во ставот 5 по зборот „образование“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборовите „стручното образование“ се додаваат зборовите „и во уметничкото образование“.

**Член 8**

Во член 10 во ставот 3 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите „согласно Календарот за организација на учебната година во јавните средни училишта.“

По ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5 кои гласат:
„Времетраењето на секој испит е утврдено со испитната програма.
За текот на испитот се води записник.“

**Член 9**

Во член 14 во ставот 1 зборот „она„ се брише.

**Член 10**

Во член 15 ставот 3 се менува и гласи:

„Кандидатот кој не ги приложил доказите од ставовите 1 и 2 на овој член не може да полага државна матура."

**Член 11**

Членот 21 се брише.

**Член 12**

Во член 22 во ставот 1 зборовите „во истата учебна година" и „е запишан и" се бришат.

Во ставот 2 по зборот „години" се става точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

**Член 13**

Во член 25 во ставот 6 по зборот „лична карта" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „патна исправа или ученичка легитимација со фотографија и печат од матичното училиште.", а зборовите „Доколку кандидатотот не е полнолетен со себе треба да има ученичка книшка со фотографија" се бришат.

**Член 14**

Во член 31 во алинеите 2 и 4 сврзникот „и" се заменува со запирка, а по зборовите „стручното образование" се додаваат зборовите „и уметничкото образование".

**Член 15**

Во член 35 по алинејата 18 се додава нова алинеја 19 која гласи:

„ - извршува работни задачи во врска со приговорите на кандидатите согласно член 46 од овој правилник;"

**Член 16**

Во член 41 во ставот 1 зборовите „а ги утврдува" се заменуваат со зборовите „кои се утврдени од страна на министерот по предлог на".

**Член 17**

Во членот 42 зборот „над" се заменува со зборовите „најмалку еднаков со".

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„На кандидатот кој положил државна матура му се издава диплома."

**Член 18**

Во членот 43 се додава нов став 1 кој гласи:

„Прелиминарните резултати од екстерните испити се соопштуваат најрано 30 дена од спроведувањето на последниот екстерен испит."

По ставот 1 кој станува став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Конечните резултати се соопштуваат по рокот за разгледување на приговорите."

Ставовите 2, 3 и 4 стануваат ставови 4, 5 и 6.

**Член 19**

Во член 46 во ставот 2 зборот „резултатите" се заменува со зборовите „прелиминарните резултати".

По ставот 6 се додаваат два нови става 7 и 8 кои гласат:

"Со поднесување на приговорот кандидатот приложува копија од уплатница за трошоци за разгледување на приговорот.

Ако комисијата од став 4 на овој член врз основа на увидот во испитниот материјал констатира дека приговорот на кандидатот е основан, утврдува конечен број на бодови, а уплатените средства на кандидатот му се враќаат."

Ставовите 7, 8, 9 и 10 стануваат ставови 9, 10, 11 и 12.

**Член 20**

Во членот 47 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Правото на подобрување на резултатот кандидатот може да го користи само еднаш."

**Член 21**

Во членот 48 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„На кандидат од уметничко образование кој го положил задолжителниот дел од државната матура, стручниот изборен предмет и проектната задача по негово барање му се издава диплома за положена училишна матура."

**Член 22**

Насловот на Главата „VIII. ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА МАТУРА ЗА КАНДИДАТИТЕ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ ВО ГИМНАЗИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВО ЧЕТИРИГОДИШНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ" се менува и гласи: „VIII. ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА МАТУРА ЗА КАНДИДАТИТЕ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ ВО ГИМНАЗИСКОТО, СТРУЧНОТО И УМЕТНИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ".

**Член 23**

Во член 50 во ставот 3 зборот „училишната" се заменува со зборот "државната".

**Член 24**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3084/2
мај 2009 година
Скопје

Министер,
**Перо Стојановски,** с.р.